Овој проект е финансиран од Европската Унија

# Е-Билтен бр.15
## јануари 2018

Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на АкРРа (Акција за рурален развој) и во никој случај не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.



**Национален рурален парламент како глас на руралното население**

Ул.:„Коста Веселинов„ бр. 3а,
1000 Скопје
Р. Македонија
Т: +389 (2) 3075 506
F: +389 (2) 3075 503
email: info@ruralnet.mk
zg.akrra@yahoo.com

Партнери на проектот

CNVP

МРЕЖА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

АкРРа АКЦИЈА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ



# Заедно до подобри политики за рурален развој

Фонадацијата за поврзување на природни вредности и луѓе (CNVP), Мрежата за раурален развој на Република Македонија (МРР на РМ) и Акција за рурален развој (АкРРа), како имплементатори на проектот „Национален рурален парламент како глас на руралното население – НРП", финансиран од ЕУ, во соработка со Центарот за развој на Скопски плански регион, на 13-ти јули, 2017, ја одржаа последната од 8-те средби со граѓанскиот сектор, организирани во сите плански региони на Р. Македонија.

Оваа средба, на која учествуваа претставници на граѓански организации од Скопскиот регион, имаше за цел идентификување на активните граѓански организации кои работат во полето на рурален развој, размена на искуства и информирање за можностите за поголемо вклучување во креирање на политиките за рурален развој.

Проектот „Национален рурален парламент како глас на руралното население – НРП" е дизајниран да го зајакне влијанието на граѓанското општество врз локалните и националните политики поврзани со руралниот развој. Ова ќе се постигне преку зголемување на капацитетот на руралните граѓански организации за вмрежување и застапување, со цел да влијаат на процесите за донесување одлуки и придонесат во стратешкото партнерство со локалните и национални власти.



# Регионално вмрежување и споделување на најдобри практики во политиките за рурален развој

На 24 ноември, 2017 год. во хотелот „Буши“ во Скопје, тимот на проектот “Национален рурален парламент како глас на руралното население” организираше работилница посветена на **„Регионално вмрежување и споделување на најдобри практики во политиките за рурален развој“**.

Целта на работилницата беше да се иницира дијалог помеѓу граѓанскиот сектор од руралните средини и креаторите на политиките на национално ниво за да се обезбеди учество на граѓанското општество во процесите на донесување одлуки. Работилницата воведе развојни перспективи за земјата и регионот кои се од заеднички интерес за креаторите на политиките и корисниците на тие политики. Искуствата споделени од претставници на организации од Србија, Албанија, Хрватска и Босна и Херцеговина, кои работат во областа на руралниот развој, обезбедија можност за вмрежување и размена на најдобри практики во политиките за рурален развој во регионот.

Презентацијата подготвена од претставникот на МЗШВ, Валентина Стојановиќ-Туфа, даде преглед на направените напори за подобрување на дијалогот меѓу креаторите на политиката за земјоделство и рурален развој и граѓанскиот сектор. Оваа презентација иницираше панел дискусија за тоа како да се подобрат политиките за одржлив развој во руралните области преку соработка на националните власти со граѓанскиот сектор.













Следниве панелисти споделија искуства од своите земји и различни контексти:

- Трајан Димковски –Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Р.М.;
- Маја Марковска - Милиеуконтакт Македонија;
- Драган Рогановиќ - Српска рурална мрежа;
- Јулиа Бакота - Хрватска рурална мрежа.

Панел дискусијата им овозможи на многу чинители и рурални граѓански организации да го прошират своето знаење за вмрежувањето и за потенцијалните начини за подобрување на



дијалогот помеѓу креаторите на политиките за рурален развој и граѓанскиот сектор. Со цел подобро да се разбере моменталната состојба на руралните средини во Западен Балкан, панелистите споделија искуства поврзани со дијалогот помеѓу граѓанскиот сектор и креаторите на политиките за рурален развој, наведувајќи некои од пречките коишто се јавуваат во тој процес. На крајот, тие дадоа свои препораки за подобрување на дијалогот помеѓу креаторите на политиките за земјоделство и рурален развој и граѓанскиот сектор.

По панел дискусијата следеа презентации на позитивни примери за улогата на граѓанскиот сектор и нивното учество во спроведувањето на активности за одржлив развој во руралните средини.

- Васко Хаџиевски ги сподели резултатите од истражувањето спроведено во рамките на проектот „Национален комитет за семејно фармерство во Република Македонија", кое имаше цел да ја утврди состојбата на семејното земјоделско стопанисување во Македонија и неговата улога во руралниот развој.
- Претставникот на Албанската мрежа за рурален развој, Албана Хасмета, во рамки на темата „Економски развој на жените во руралните средини", ја презентираше моменталната состојба на албанската рурална жена во однос на образованието и положбата на пазарот на труд, сподели примери на добри практики и ги претстави предизвиците кои претстојат во процесот на подобрување на економската положба на руралната жена.
- Душко Цвјетиновиќ, претседател на здружението на граѓани „Нешто више" од Босна и Херцеговина, ги претстави резултатите од три проекти наменети за младите во руралните средини. Преку програмата за стипендирање во БиХ се доделени 85 стипендии за студенти кои годишно реализирале 500 работни часови во полза на заедницата. Проектот „Вработи се преку волонтирање – волонтирај за да се вработиш" во 2010 год. работел на промоција на волонтеризмот и негова институционализација. Проектот „Животни вештини за иднината – Ајде да научиме, ајде да направиме!" придонел кон развој на претприемачките вештини кај учениците од 7-мо, 8-мо и 9-то одделение и нивна подготовка за идна поголема конкурентност во пазарот на труд.
- „Регионално вмрежување и размена на добри практики во политиките за рурален развој" беше темата на која се осврна претседателот на Мрежата за рурален развој на Република Македонија, Петар Ѓоргиевски. Во својата презентација, тој ја истакна важноста на вмрежувањето во процесот на ширење на иновации и добри практики, поврзување на руралните актери, стимулирање на проекти за соработка и надминување на изолацијата со која се соочуваат некои рурални региони. Понатаму, ги запозна присутните со типовите на мрежи како што се: Институционалните мрежи финансирани од Европската комисија и Неформалните мрежи на европско, национално, регионално и локално ниво, кои не се финансирани од Европската комисија. Како модел за регионално вмрежување, ја претстави Балканската мрежа за рурален развој која ги обединува мрежите за рурален развој од Хрватска, Босна и Херцеговина, Македонија, Србија, Црна Гора, Албанија и Косово.

- Драган Рогановиќ, претседателот на Српската мрежа за рурален развој, во областа на руалниот туризам, го задржа вниманието на присутните со својата интересна презентација на проектот за развој на руралниот туризам во селото Рудно и националниот парк „Голија“. Проектот спроведува низа активности во 5 општини кои го опфаќаат националниот парк „Голија“ , меѓу кои: развој на пилот центри за заштита, развој и промоција; подобрување на капацитетите на локалното население за развој на руралниот туризам; поддршка на 5-те општини за заедничка соработка во развојот на руралниот туризам и подобрување на туристичката инфраструктура (обележување на патеките за планинарење и велосипедизам итн.).

Презентациите поттикнаа дискусија помеѓу присутните и беа донесени следните заклучоци:

- Зголемување на инклузивноста на локалните жители/актери во подготовката на стратегии и програми е од суштинска важност, бидејќи ова е единствениот начин да функционираат мерките за рурален развој.
- Механизмите и алатките развиени од различни невладини организации можат да го олеснат создавањето на стратегии и политики на локално ниво, па затоа треба да бидат посериозно земени во предвид.









- Кога се дизајнираат политиките, важно е да се воспостави механизам за враќање на информации од локално на национално ниво. Ова е важно за да се провери дали политиките и мерките се применливи и успешно се спроведуваат.
- Ефикасноста на државната администрација треба да се подобри, но локалното население, исто така, треба да разбере дека доколку се почитуваат партиципативните пристапи, тие одземаат многу време.
- Граѓанското општество, особено луѓето што живеат во руралните средини, треба постојано да градат капацитет за да бидат подготвени за активно вклучување во подготовка на стратегии и програми на локално или национално ниво.

Повеќе од 60 претставници на активни рурални граѓански организации од Македонија, учествуваа на регионалната работилница каде што беа информирани од страна на партнерите во проектот за можноста да бидат директно вклучени како корисници во спроведувањето на проектните активности во 2018 година. Проектот, кој го спроведуваат ЦНВП – Организација за поврзување на природни вредности и луѓе, Мрежата за рурален развој на Република Македонија и АкРРа – Акција за рурален развој “ е финансиски поддржан од Европската унија.

Национален рурален парламент како глас на руралното население

е - билтен
бр.15
Јануари 2018

# Регистар на активни граѓански организации за рурален развој

Проектот „Национален рурален парламент како глас на руралното население“, финансиран од Европската Унија, во текот на август и септември, спроведе теренско истражување во 8-те плански региони во Република Македонија, со цел да се идентификуваат активните граѓански организации коишто работат во полето на руралниот развој. Како резултат од оваа активност беше креиран Регистар на активни рурални граѓански организации, со кој ќе се овозможи полесна мобилизација на граѓанските организации во решавањето на одредени прашања/теми за кои ќе се дискутира во општеството и ќе се зајакне меѓусебната комуникација и размена на информации. Регистарот ќе им служи на националните институции за полесно да ги мапираат, да ги контактираат или да ангажираат релевантни граѓански организации во процесите на донесување одлуки или кампањите за подигнување на свеста. Регистарот е достапен на веб страницата на Мрежата за рурален развој, на следниот линк: http://ruralnet.mk/…/REGISTAR-NA-AKTIVNI-GRAGJANSKI-ORGANIZ…

Регистарот, како отворен извор на информации достапни за сите, тековно ќе биде ажуриран и надградуван со податоци за нови граѓански организации кои активно работат во полето на руралниот развој. Затоа, доколку сте граѓанска организација која работи во полето на рурален развој, а која не е заведена во овој регистар, партнерите на проектот Ве охрабруваат да го пополните прашалникот http://ruralnet.mk/…/Form-for-registration-of-CSOs_template… и да го доставите на zg.akrra@yahoo.com со што ќе придонесете да се подобри и зголеми базата на податоци.

Главна цел на децентрализацијата е да го вклучи народот во процесот на донесување одлуки. Тоа ќе им овозможи на граѓаните активна партиципативност во изнаоѓањето решенија за секојдневните проблеми во нивните градови и села. Локалните и националните институции во земјата се обидоа да ги вклучат засегнатите страни во процесот на подготовка на стратегии за земјоделство и рурален развој. Главниот фокус беше ставен на информирање и консултации, преку семинари и дебати. И покрај тоа што




беа поставени некои основи за понатамошно движење кон поголема партиципативност, голем број на рурални граѓански организации не можат да се поврзат со процесите на креирање политики. Во таа насока, проектот “Национален рурален парламент како глас на руралното население”, работи на застапување, вмрежување и градење на капацитетите, за да им овозможи на повеќе чинители да се поврзат со овие процеси. Проектот ги поддржува руралните граѓански организации да го искажат својот глас и да го зголемат своето присуство во процесите за развој на заедницата. Мобилизирањето на сите релевантни актери кои директно или индиректно влијаат во земјоделскиот и руралниот сектор, е особено важно за формирањето на ефективен и добро координиран одговор на институциите на државата при креирањето на соодветната земјоделска политика, прилагодувањето на законската регулатива и реформите во јавните институции.

# ЕВРОПСКИ РУРАЛЕН ПАРЛАМЕНТ 2017

250 претставници на руралните заедници во 40 Европски земји, меѓу кои Република Македонија, се сретнаа на третиот Европски рурален парламент, што се одржа во селото Венхорст, провинцијата Северен Брабант, Холандија, од 18 до 21 октомври 2017 година, под покровителство на Генералниот секретаријат на Советот на Европа и со учество на претставници на институциите на Европската Унија, на некои национални влади и граѓански организации од многу земји.

Учесниците, во Декларацијата од Венхорст, повикаа на нова ера на локален развој по принципот „од долу-нагоре“, базирана на локални активности на руралните заедници. Ова е инспирирано од брзо растечкиот број на локални иницијативи во градовите и селата и од потребата за зајакнување на виталноста на руралните области низ цела Европа.

Повеќе предлози за нов Европски фонд за локален развој воден од заедницата беа лансирани од страна на 3-тиот Европски рурален парламент, кој се состана во живописното село Венхорст, Холандија. Сега кога Европските институции ја обликуваат иднината на програмите и фондовите на ЕУ, Европскиот рурален парламент повикува на нова унифицирана основа за финансирање на локалниот развој. Ова ќе соедини значаен дел од четирите Европски фондови - рурален, регионален, социјален и поморски - во фонд за локален развој воден од заедницата, управуван на унифициран начин на сите Европски и национални нивоа.

Овие комбинирани средства потоа треба да се распоредат на децентрализирана основа преку LEADER групите и други локални партнерства. Тоа ќе ја генерира енергијата на локалните луѓе и






организации кои работат заедно, и ќе поттикне акција прилагодена на многу различни потреби на секое место.

Декларацијата, исто така, се фокусира на други клучни актуелни прашања во рурална Европа. Учесниците на «Венхорст» го поздравија успешното одржување на првиот Европски парламент на руралната младина во август 2017 година и ги повикаа јавните власти да им обезбедат на младите луѓе да учествуваат во финансираните програми. Тие беа поттикнати од сè пошироката акција на руралните заедници во пречекување на бегалците и економските мигранти и во справувањето со сиромаштијата и социјалната исклученост. Тие повикаа на имагинативна акција за одржување на руралните услуги и за диверзификација на руралните економии.

# Намалување на ранливоста на земјоделството кон климатските промени





Климатските промени кои имаат негативно влијание на микро и макро ниво на планетата, претставуваат сериозен проблем со долгорочни последици. Овие промени претставуваат потенцијален ризик за речиси сите сфери на човековото опстојување. Сериозно почнува се доведува во прашање задоволувањето на потребите во храна и вода на глобално ниво, но со далеку понегативни ефекти во одредени региони на планетата. Сепак, најголем ефект климатските промени имаат врз земјоделството, што претставува сериозен предизвик за фармерите.

Зголемувањето на бројот на денови на изложеност на животните во амбиент со висока температура и влажност на воздухот, доведува до појава на топлотен стрес. Топлотниот стрес освен што директно влијание врз нарушувањето на општата здравствена состојба на животното, доведува и до сериозно нарушување на репродуктивните и продуктивните перформанси на животните. Покрај директното влијание врз животните, високите температури и влажност на воздухот имат големо влијаније на појавата и ширењето на многу заразни болести, пред се заради создавањето поволни услови за развој на разни вектори-преносители на болести и штетници. На овој начин, покрај нарушената благосостојба на животните, нарушената репродукција и намалената продукција на погодените животни, се намалува и рентабилноста на производството. Ова е значаен момент во мотивацијата и социјалниот момент кај сточарите.

Со цел навремено справување со предизвиците од климатските промени и намалување на штетните последици, потребна е континуирана едукација на сточарите, како и на учениците од средните земјоделски училишта, во врска со тековните, но и идните очекувани негативни влијанија на климатските промени врз организмот на животните и можните решенија за надминување на истите. Во таа насока, Мрежата за рурален развој на Република Македонија, како имплементатор на проектот за техничка соработка на ФАО: «Намалување на ранливоста на земјоделството кон климатските промени» во Република Македонија, работеше на градење на капацитетите кај земјоделците, земјоделските организации и советниците на АПРЗ за решавање на бројни прашања поврзани со климатските промени. Предвидените проектни активности кои започнаа во март 2017, а завршија кон крајот на годината, имаа за цел да го зголемат капацитетот на субјектите во Република Македонија за пренос на знаење за климатските промени. Конечно, активностите треба да ги поттикнат релевантните транзиции кон адаптирани и еластични системи за производство.

Пакетот активности вклучуваше две главни целни групи:

• Средните земјоделски училишта во РМ – активности за градење на капацитетите на средните земјоделски училишта и воведување на климатските промени во наставните програми;

• Советниците на АПРЗ – активности за градење на капацитетите на советниците на АПРЗ за давање совети на земјоделците за соодветно справување со климатските промени.

Со цел промоција на резултатите од спроведените активности, Мрежата за рурален развој организираше завршен настан кој се одржа на 15 и 16 ноември, 2017 год. во Скопје.





# Проектни активности на АЛТЕР



Мрежата за рурален развој на Република Македонија, како партнер на проектот „АЛТЕР – Активни локални територии за економски развој на руралните области“, во текот на периодот јули – декември 2017г., организираше голем број активности на национално ниво, со цел да се зајакната капацитетите на организациите од граѓанското општество и нивните мрежи за активно учество во планирањето и спроведувањето политики, како и изградба на партнерство со јавните институции.

Во таа насока, во Пехчево беше организирана три дневна обука за изградба на капацитетите, како и шест еднодневни средби за поддршка на постојната мрежа за рурален развој и олеснување на изработката на стратешки долгорочни организациски планови и планови за собирање средства. За поголема афирмација на ЕУ ЛЕАДЕР пристапот и зајакнување на свеста на локалните медиуми, во Струмица на 31 октомври и 1 ноември беше организирана дводневна работилница на која учествуваа 11 медиумски претставници и претставници од организациите на граѓанското општество. Пристапот ЛЕАДЕР беше промовиран и кај руралните актери преку локални работилници организирани во Гевгелија и Виница. За следната година се планирани две работилници на национално ниво и една локална работилница со цел да се зајакне знаењето на руралните чинители за принципите на пристапот ЛЕАДЕР, ако и да се мотивираат да земат активно учество и поддршка во воспоставувањето на локалните акциски групи.









Овој четиригодишен проект, кој започна во декември 2015 г., го спроведуваат 9 партнери од Балканот и Турција, како и две земји од ЕУ – Мрежа за рурален развој на БиХ, Мрежа на организации за рурален развој на Косово, Мрежа за рурален развој ан Република Македонија, Мрежа за рурален развој на Црна Гора, Мрежа за рурален развој на Србија, Институт за демократија и медијација (Албанија), Развојна фондација на Турција, Латвиски рурален форум, Хрватска мрежа за рурален развој.

# Финализирање на стратегијата и акцискиот план на Балканската мрежа за рурален развој

Претставниците на руралните мрежи од Србија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Албанија, Косово и Македонија, на 22 ноември се собраа во Охрид за да ја финализираат петгодишната стратегија и двегодишниот акциски план на Балканската рурална мрежа. На почетокот на работилницата, претставникот на организацијата We Effect како проектен донатор и претставникот на SWG (Постојана работна група за регионален развој на Југо-источна Европа) ги запознаа учесниците со својата организациска структура и активности. По разработката на изјавите за визијата и мисијата на БМРР, како и дискусијата за стратешките приоритети на оваа мрежа, се промовираа двете активности во тек, за зголемување на видливоста на БМРР: првата е финализирањето на дизајнот на веб-страницата на БМРР, а втората е подготовка на брошурата за БМРР.












Проектот „Поддршка за Балканската мрежа за рурален развој – БМРР, како функционална регионална платформа за соработка на руралните мрежи на Западниот Балкан“ е проект поддржан од организацијата We Effect, а го спроведува Мрежата за рурален развој на Република Македонија. Преку проектот се преземаат дејства за изградба на капацитетот на БМРР, почнувајќи од подготовка на стратешки документ за БМРР, како основен програмски документ за работа.

# Плодови од работењето на Здружението на уметници ракотворци АРТИ КРАФТ



Периодот јули - декември 2017 год. ЗУР „АРТИ КРАФТ“ го одбележа со реализација на следниве активности:

- Изложба на ракотворбите на членките на ЗУР Арти Крафт во рамки на Етно денови во Пехчево, традиционално организиран настан по повод верскиот празник Павловден ( јули 2017).
- Учество на Манифестацијата „Малешевијата на дланка “ во Берово (август 2017).
- Спроведување на 2 проекти поддржани од град Скопје:
  - „Развој на занаетчиско претприемништво и самовработување “(јули-септември 2017 год.) во Скопје;
  - Ревија на народни носии од скопскиот регион под наслов: „Да го зачуваме нашето национално богатство“, по повод одбележувањето на Денот на независноста на Македонија, 8-ми Септември.
- Активно учество на настанот традиционално организиран по повод одбележување на Меѓународниот ден на руралната жена. Оваа година настанот беше организиран во Ресен и Отешево на 17.10.2017 г. во соработка со Мрежата за рурален развој на РМ и Федерацијата на фармерите на РМ.
- На 13 Ноември - Денот на ослободување на градот Скопје, ЗУР Арти Крафт ја одржа манифестацијата „Есенски базар на домашни ракотворби - ЗНАЕТЧИСКИ КОЛАЖ 2017год.“, под покровителство на градоначалникот на општина Бутел г-дин Велимир Смилевски и во соработка со НУ Конзерваторски центар Скопје. Покрај членовите на ЗУР АРТИ КРАФТ, на настанот учествуваа и гости од Косовска Грачаница - Косово, Турција, Србија и Украина.
- На 1-ви декември, 2017 во Пробиштип беше организиран петти по ред фестивал на уметност, ракотворби, дизајн и мода, каде членовите на здружението Арти Крафт ги промовираа своите производи. Настанот беше збогатен со модна ревија организирана од Митровска Гордана Беба, претседател на здружението Арти Крафт.
- Претставници на Арти Крафт, учествуваа на повеќе меѓународни манифестации и своите уметнички ракотворби ги презентираа во Србија, Босна и Херцеговина и Косово.
- Во текот на летото ЗУР Арти Крафт организираше повеќе работилници во Скопје, за изработка на сувенири и предмети со користење на фолклорни мотиви, додека во ноември 2017 год. одржа две обуки за развој на претприемништво.







# Настани во с. Слоештица организирани традиционално од „Арт Поинт - Гумно“

## 1. Уметничка резиденција „Арт Поинт – Гумно 2017“ (10 – 30 јули, 2017)



Единствената според концептот не само во Македонија, туку и во поширокиот регион - Меѓународната уметничка резиденција, што Меѓународниот центар за уметност и одржлив развој „Арт Поинт - Гумно“ традиционално ја негува во континуитет од 14 години, се одржа во јули.

Годинава, куриозитет беше фактот што „Арт Поинт - Гумно“ одлучи да покани две уметнички двојки коишто прославуваа 3 години заедничко живеење и креирање: Мејси Ларгадо Ротман и Кристијан Ротман од Берлин (Мејси потекнува од Миндоро, Филипини), Германија и Ева Мајер и Арон Мајорош од Будимпешта, Унгарија.

Се работи за уметници со извонреден творечки опус, признати и наградувани не само во своите земји, туку и во меѓународни рамки.

Традиционално, и годинава го беше поканет македонскиот фотограф **Сашо Н. Алушевски** да биде специјален гостин на резиденцијата и да ги портретира уметниците.



За време на резиденцијата, уметниците имаа можност да се запознаат со културно-историските и природните знаменитости на регионот, со духот и гостопримливоста на локалните жители, традиционалната македонска кујна и сл.

Беа реализирани посети на значајни културно-историски локалитети и природни реткости во регионот (Битола, Крушево, Струга; Мариово, Манастирот Св. Никола Топлички, библиотеката АЛБИ во с. Вирово) како и посети на селата и „последните селани“ во регионот на горен Демир Хисар: Мренога, Вирово, Бабино, Жван и др.



Воедно, Мејси Ларгадо Ротман одржа креативно-едукативна работилница со децата од селото и волонтери на АПГ на тема „Филипини и Македонија – што е она што не поврзува“.

Во рамките на уметничката резиденција, на 22ри јули се одржа **ОТВОРЕНОТО СТУДИО**, настанот што традиционално „Арт Поинт - Гумно“ го организира во втората половина од престојот на уметниците, со цел јавноста да се запознае со нив и да ги види нивните креации. Освен изложба на нивните дела, беа изложени и детските креации од креативно-едукативната работилница. Освен тоа, уметниците подготвија и „вкусни“ изненадувања за посетителите – ги почестија со традиционали кулинарски специјалитети од земјите што ги претставуваат.



**Ексклузивно**, за прв пат годинава, настанот беше „зачинет“ и со гостување на организаторите и гостите на манифестацијата: „29та Поетска ноќ во Велестово“! Бугарските поети Владимир Левчев, Аксинија Михајлова,

Роман Кисјов и Поли Муканова како и Монголскиот поет Леетив Намдаг Јанчивин се претставија на присутните со поетско читање. Ова позитивно искуство ги мотивираше двете организации – „Арт Поинт – Гумно" и „Поетска ноќ во Велестово" да размислуваат за продолжување на соработката и обмислување на повеќе заеднички проекти во иднина. Активноста е делумно поддржана од Министерството за култура на РМ.













## 2. 11ТО СЛАВЕЊЕ НА ПИРЕЈОТ

(28МИ август, 2017)

**„СЛОЕШТИЦА – ИМЕ ЗА ЦЕЛ ЕДЕН СВЕТ"** е насловот на беседата што Академик Влада Урошевиќ ја напиша за 11-тото по ред чествување за бардот на македонската литература Петре М. Андреевски и вековитоста на македонскиот народ. Акцент на годинешнава манифестација беше промоцијата на германското издание на романот „ПИРЕЈ" - „QUECKE", отпечатено од страна на реномираната издавачка куќа GUGGOLZ VERLAG од Берлин. Преведувачот, Бенџамин Лангер, со извонредна посветеност успеа да ја пренесе автентичноста и моќта на зборот на Андреевски до германските читатели (интересно е што во преведувањето на романот, активно беше вклучено не само потесното семејство на Петре М. Андреевски, туку и жителите од Слоештица, а за својата преведувачка активност, во октомври годинава, на прославата на јубилејот 50 години МАНУ, Лангер ја доби престижната меѓународна награда - медалот „Блаже Конески").

Темата „ПИРЕЈ" беше дополнително збогатена и со актерската изведба на монодрамата „Велика" од страна на етаблираната актерка од битолскиот народен театар Катерина Аневска – Дранговска, а целиот настан музички го зачини изворниот звук на кавал и гајда на македонскиот виртуоз Гоце Димовски (член на етно групата „Синтезис").

Освен традиционалната изложба на дела од годинешните гости на уметничката резиденција на „Арт Поинт - Гумно", на средсело беше поставен проектот „Дали се сеќаваш?" - изложба на рециклирани слики и фото-разгледници, од актерките Наташа Петровиќ и Слаѓана Вујошевиќ и ликовната уметница Воскресија Андреевска.

Традиционално, манифестацијата беше делумно поддржана од Министерството за култура на РМ и од градоначалникот (сега поранешен) на Општина Демир Хисар, Г-дин Љупчо Блажевски.

**3. „Арт Поинт - Гумно"** продолжува со реализација на проектот од областа на креативните индустрии **„Мирисот на сонот"** чија главна цел е мобилизирање на работоспособното рурално население во нови активности поволни не само за економијата, туку и за животната средина.

Повеќе на: https://www.facebook.com/mirisotnasonot/

E-mail: artpoint@t.mk ; www.artpoint-gumno.org.mk

# Активностите на ФЛОРИТ-Гевгелија во областа на енергетската ефикасност



Во периодот од јули до декември ФЛОРИТ-Гевгелија организираше и учествуваше на голем број настани.

Фондацијата за локален развој и развој на информатички технологии – Гевгелија во партнерство со Сојузот на производители на еколошка енергија – БГ од Благоевград, Бугарија, со финансиска поддршка од ЕУ преку Интеррег - ИПА програмата за прекугранична соработка – Бугарија – Македонија CCI2014TC16I5CB006, го имплементира проектот „Промовирање на децентрализирано производство на енергија од обновливи извори на енергија (EnerGAIN)“.

Проектот „EnerGAIN“ има за цел да го поддржи формирањето на интегриран пристап во прегуграничната област во делот на децентрализирано производство на енергија од обновливи извори и воведување на решенија за енергетска ефикасност. Реализацијата на проектот ги стимулира локалните бизниси и придонесува за оптимизација на вкупната потрошувачка на енергија и трошоците. Една од основните цели е подобрување на свеста и зголемување на интересот на целната група и чинители од прекуграничниот регион за децентрализирани енергетски решенија и искористување на потенцијалот од обновливите извори на енергија и нивните главни бенефиции: еколошки; економски (намалени трошоци и енергетска независност); ефикасност (квалитет на електрична енергија и издржливост); зачувување на ресурсите (со користењето на ОИЕ); сигурност и безбедност. Во таа насока, проектот го промовира концептот, главните технологии и придобивките за индивидуални станбени објекти, деловни и јавни објекти (општини, образовен сектор, институции итн.).

Во рамки на проектот успешно беа реализирани сите предвидени активности.

Вкупно 6 работилници од кампањата на тема „Соларен покрив“, беа спроведени во Бугарија и Македонија. Во Гевгелија беа реализирани 3 работилници кои предизвикаа заинтересираност кај учесниците, граѓаните од општина Гевгелија и околината.

Заеднички специјализирани обуки за ОИЕ за техничари и инженери – градење на капацитети, размена на искуство и знаење во делот на програма за професионалци и експерти во областа на ОИЕ и ЕЕ, беа одржани во Благоевград и Струмица. На обуките учествуваа 10 техничари и инженери од Македонија и 10 од Бугарија кои работат во полето на обновлива енергија и енергетска ефикасност.



На сите настани експерти во областа на ОИЕ и ЕЕ несебично го споделуваа долгогодишното искуство им помогнаа на учесниците да го зголемат знаењето и вештините, а исто така и да ја поттикнат размената на искуства, знаење и споделување на добрите практики во областа на обновливите извори на енергија и презентирање на придобивките од истата.

„Соларен водич за инвестиции" наменет за три типови на корисници - приватни домаќинства, МСП и јавни установи, беше изработен на три јазици и истиот во наредниот период ќе им биде распределен и достапен на сите заинтересирани, во печатена верзија.

Обновливи енергии и енергетска ефикасност, сончева енергија, биомаса, геотермална енергија, хидро енергија и ветерна енергија, се насловите на едукативните кратки филмови кои се поставени на веб порталот http://energain.eu/mk/ на кој се достапни сите информации поврзани со проектот „EnerGAIN". Порталот им обезбедува на сите потенцијални корисници информации и соодветни совети за современи решенија за енергетски ефикасен и еколошки дом, бизнис или друга јавна установа, како и Е-учење преку онлајн програмата за обука.

Демонстрациски енергетски независни модели на куќи беа изработени и во Бугарија и Македонија. Со изработените макети на енергетски независен модел на куќа и најмладите од регионот на Благоевград и Гевгелија имаа можност да се запознаат и да добијат основни познавања од областа на ОИЕ и ЕЕ.

Енергетски независени модели на куќа беа претставени на Финалната конференција која го одбележа и завршувањето на проектот, но не и запирањето за понатамошно следење на потенцијалот за развој на нови техологии и искористување на зелената енергија од обновливи извори.

# Рурална Коалиција

1. Во периодот јуни – август 2017 година Рурална Коалиција во рамките на проектот спроведе обемно теренско истражување на тема: Состојбите со здружувањето во земјоделскиот сектор. Во рамките на истражувањето беа опфатени 800 испитаници/земјоделци, членови на земјоделски здруженија од сите 8 плански региони во Македонија, а целта беше да се утврдат ставовите на земјоделците во однос на здружувањето во земјоделскиот сектор и колку истото (не)придонесува за нивно активно вклучување и влијание во консултативните процеси на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство при креирањето на политики и донесувањето на јавни документи и одлуки. Резултатите од анализата се достапни на следниов линк:

   http://rural.mk/%D0%B8%D0%B7%D0%B3%D0%BE%D1%82%D0%B2%D0%B5%D0%BD%D0%B0-%D0%B0%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B8%D0%B7%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D1%81%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%BE%D1%98%D0%B1%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D1%81%D0%BE-%D0%B7%D0%B4/

   Дополнително, по изработката на анализата и сумирањето на резултатите, месеците септември и октомври 2017 ги одбележаа 8 дебати со фокус групи на земјоделци, а се со цел да ги пренесат добиените заклучоци до што е можно поголема “критична маса“ на земјоделци, но и да се развие дебата во однос на состојбите со здружувањето во земјоделскиот сектор и како истите да се подобрат и унапредат. Истражувањето и анализата беа реализирани во рамките на проектот **“Јакнење на капацитетите на здруженијата за партиципативно учество во процесот на донесување на јавни документи и политики во земјоделството и руралниот развој“** финансиски поддржан во рамките на програмата Цивика Мобилитас.

2. На 19 септември 2017 година во Клубот на новинари, Рурална Коалиција одржа прес конференција на тема: “Земјоделците не се вклучени во креирањето политики!“. На прес конференцијата беше истакнато дека **Недовербата во институциите, недостигот од транспарентен процес на вклучување на земјоделците во процесите на донесување јавни документи и политики во земјоделството и руралниот развој** се наметнува како еден од главните проблеми или предизвици со кои се соочуваат земјоделеците во државава. **Само 3 проценти од земјоделците го познаваат Законот за земјоделство и рурален развој,** кој е основата за регулирање на нивното работење, а **дури 64 проценти добиле одговор на своите барања од институциите задолжени за развој на земјоделството, во рок подолг од 15 дена**. Од друга страна пак, ниту еден земјоделец не се пожалил на ваквиот однос на институциите, а ниту пак земјоделците знаат што треба да се направи кога ефикасноста и ефективноста на јавните услуги е сведена на минимум. Кога станува збор за субвенциите, пак, дури **60 проценти од земјоделците сметаат дека треба да се менува начинот на нивна распределба и тоа со воведување развојна компонента,** меѓутоа земјоделците не се информирани дали и како можат да влијаат врз политиката на субвенционирање, со што се јавува потреба од јакнење на свеста кај земјоделците за потребата од отворено и транспарентно Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство. Прес конференцијата беше вовед во отпочнувањето на мониторингот на работењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство кој што Рурална Коалиција ќе го спроведува во периодот јуни 2017 – јануари 2018 година, а во рамките на проектот *Отчетност за сработеното со парите на граѓаните – реформа на јавната администрација која тешко се достигнува*.



3. Рурална Коалиција исто така беше дел од **Неделата на граѓански организации** која што се одвиваше во периодот од 11-15 септември 2017 во организација на USAID Civic Engagement Project каде што над 20 граѓански организации преку јавни настани имаа можност да ги презентираат своите активности пред целната група. Рурална Коалиција покрај презентацијата на своите цели, активности и полиња на дејствување пред земјоделците и локалните медиуми во Липково отвори и дискусија на тема – Како земјоделците да се вклучат во процесите на креирање и спроведување на националните и локални политики кои што ги засегаат нивните интереси.

4. Рурална Коалиција активно се вклучи и во кампањата **16 дена активизам во борбата против семејното и родово базираното насилство**, при што на 4 декември во Куманово одржа интерсекторска работилница на тема: "Координирано дејствување на институциите и граѓаните за да се стави крај на насилството врз жените и девојчињата". На интерсекторската работилница беа присутни претставници од сите институции кои што работат во делот на оваа проблематика и тоа: Центарот за социјална работа, претставници на Советот и општина Куманово, МВР, наставници и ученици од средните училишта во општината, земјоделци и рурални жени, правни експерти, како и претставници од здравствените установи.









5. Во текот на месец декември исто така Рурална Коалиција одржа **две локални прес конференции и јавни дебати со земјоделци на тема: "Земјоделците му даваат двојка на надлежното министерство!**". Прес конференциите беа одржани во Куманово и Прилеп каде што земјоделците и локалните медиуми имаа можност да ги слушнат резултатите од теренското истражување кое што Рурална Коалиција го спроведе со 400 земјоделци за да ги испита нивните ставови, прецепции, размислувања и искуства со вклучувањето и членството во работните тела на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, но и да ги пренесе заклучоците и ставовите од спроведените интервјуа со вработените во министерството на оваа тема.



6. Рурална Коалиција доби **нов претседател**. Оваа година организацијата ја заокружува со назначувањето на Мендух Нухија за претседател, кој што ќе ги застапува интересите на земјоделците, здруженијата-партнери на Коалицијата во наредниот 4-годишен период. Мендух Нухија беше едногласно избран за претседател на организацијата на Собранието одржано на 12 декември оваа година, а доаѓа како земјоделец, сточар кој што делува во секторот земјоделство над 30 години, активен како во производството, така и во процесите на креирање и спроведување на аграрната политика во Македонија преку членството во бројни работни тела и групи на национални и локални државни тела и институции, земјоделски здруженија, форуми, групи, совети итн.








# Настани Вело Родео











Како дел од проектот "Едукација за велосипедизам преку теорија и пракса", проект кој има за цел промовирање на велосипедот како еколошко средство за транспорт, но и за рекреација,  здружението на граѓани Еко Логик го организираше велосипедскиот настан „Вело Родео". Настанот беше реализиран во соработка со О.О.У Раде Кратовче од Кочани и училишниот клуб „Тркало", како и со граѓанската иницијатива „Мрдни со прст". Тој се одржа на 29.09.2017 во Кочани и на него учествуваа ученици од 5то, 6то и 7мо одделение од 20 основни училишта со зелено знаме од Брегалничкиот регион.

На 23.10.2017 во Богомила здружението на граѓани Еко Логик го организираше 6тиот велосипедскиот настан „Вело Родео". На него учествуваа ученици од основното училиште "Петар Поп Арсов" – Богомила на возраст од 7до 12 години.

Натпреварите се состојат од патеки на кои се поставени околу дваесет меѓусебно поврзани велосипедски вежби кои имаат за цел да ги подобрат велосипедските вештини кај децата, и воедно да ја зголемат свесноста за користењето на велосипедот како секојдневно средство за транспорт.

Линк: http://www.ecologic.mk/Default.aspx#p=30134

Линк: http://www.ecologic.mk/Default.aspx#p=30144

# Работилници за социјално претприемаштво

Како дел од проектот "Социјално Претприемаштво – Лична Сатисфакција и Општествена Промена", поддржан од Град Скопје, Еко Логик одржа по три работилници во средните училишта СЕПУГС «Васил Антевски Дрен», СЕТУ «Михајло Пупин» и СУГС «Георги Димитров» кои се наоѓаат на територијата на градот Скопје.  Работилниците беа одржани во периодот од 10ти Октомври до 20ти Декември 2017 година.

Целта на работилниците е подигнување на информираноста и свеста за социјалното претприемништво и можностите што ги нуди за подобрување и/или решавање на општествени проблеми и поттикнување на општествени промени и намалување на невработеност кај младите.

Линк: http://www.ecologic.mk/Default.aspx#p=30137

http://www.ecologic.mk/Default.aspx#p=30150

# Едукативен Центар „Жабец“



„ЖАБЕЦ“ претставува прв и единствен едукативен центар за деца во Република Македонија, што ги промовира темите екологија и заштита на животната средина. Овие теми служат како база преку која децата учат за разни други реални и модерни теми и ситуации, во кои тие се главните ликови од кои ќе произлезе позитивна промена, во било која област од секојдневното живеење.

Детскиот едукативен центар „Жабец“ е наменет за сите мали и големи деца, на возраст од 6-12 години.



Детскиот едукативен центар „Жабец“ се разликува од останатите едукативни центри во тоа што во своето работење предвидува подобрување и унапредување на разни социјални проблеми и предизвици, преку:

а) Изучување на теми што ги нема во редовната настава во училиштата, а се од огромна важност за: морален, социјален, физички и еколошки развој на децата

б) 33% од профитот на центарот ќе се насочува кон едукативни активности наменети за деца од ранливи категории (деца без родители, деца на самохрани родители, деца од фамилии кои се наоѓаат во тешка економска ситуација, итн.)

Линк: https://www.facebook.com/%D0%94%D0%B5%D1%82%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D0%B5%D0%B4%D1%83%D0%BA%D0%B0%D1%82%D0%B8%D0%B2%D0%B5%D0%BD-%D1%86%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B0%D1%80-%D0%96%D0%90%D0%91%D0%95%D0%A6-1014771281995944/







# Посета на меѓународни саеми

Здружението „Чиста вода - здрава храна“ работи на зачувување на животната средина во Дебар и регионот на Дебар и дебарско преку зачувување на природните убавини на крајот, заштита на животната средина и негување на традиционалните занимања и производствени навики на населението од регионот. Здружението придонесува да се развие руралниот туризам преку промоција на природните убавини на дебарскиот крај, како и зачувување и унапредување на овчарството како препознатлива дејност на крајот.

Претставници на здружението „Чиста вода –здрава храна“ посетија повеќе меѓународни саеми за земјоделство, во Бугарија, Србија, Турција и Унгарија, со цел да акумулираат поголемо знаење за новите технологии и механизација кои се применуваат во земјоделството и истите да ги споделат со земјоделците од регионот на Дебар. Тие остварија успешни средби со повеќе производители и компаниии од некои азиски земји и Турција, притоа отворајќи можност за идна соработка и размена на искуство.






# Промоција на крушевската традиција

Организацијата на жени „Цвет“ од Крушево, активно работи на промовирање и зачувување на крушевската култура и традиција, на тој начин поттикнувајќи го развојот на туризмот во ова место. Во соработка со локален тур-оператор, „Цвет“ организираше посета на Крушево за група жени, туристи од Австралија, кои имаа можност да ја видат прекрасната крушевска архитектура и природа, како и да се запознаат со историјата преку музеите и спомениците. Посетителите беа особено воодушевени од двете работилници организирани од страна на организацијата „Цвет“, каде научија да подготвуваат традиционална крушевска пита и беа запознаени со традиционалниот вез од поднебјето на Крушево.

За својот придонес во афирмацијата на крушевската култура и традиција, на организацијата „Цвет“ и беше доделено признанието „8 септемвриска награда“ во областа на културата и промоција на традиционалните вредности од културното наследство на Крушево, од страна на Советот на општината. Во текот на последните 6 месеци, организацијата се закити со уште една награда, а тоа е Националната награда за волонтерство од Националниот совет на Република Македонија.























# Одбележан меѓународниот ден на руралната жена

Федерацијата на фармерите на РМ и Мрежата за рурален развој на РМ, традиционално и оваа година го одбележаа Меѓународниот ден на руралната жена - 15 октомври.

Овогодинешната програма започна во Ресен, на 17 октомври, со марш кој имаше за цел да испрати пораки до пошироката јавност поврзани со потребата на руралната жена за нејзино економско јакнење, поголема инволвираност во креирањето на земјоделските политики, заедничка борба против традиционалните бариери кои најмногу прават проблем во делот на нејзината едукација и економски развој, како што е сопственоста на земјиште, имот итн. Подоцна, во хотелот Lake View во Отешево, беше организирана свечена прослава која имаше хуманитарен карактер. Собраните средства беа доделени на сиромашно семејство во Преспа, кое го идентификуваше здружението „Благој Котларовски“.

На Манифестацијата, која имаше за цел да ја истакне улогата на жената во земјоделството и руралниот развој, присуствуваа рурални жени од сите краеви на Македонија, но и претставници на научни, образовни и други институции кои соработуваат со руралното население.










